

## Што е ЕПМ?

Ние сме првиот практично структуиран механизам за правосудна соработка кој е потполно оперативен во Европската Унија.

Формирани сме во 1998 г. со заедничката акција 98/428 ПВР со цел борба против тешкиот криминал на децентрализиран, флексибилен и хоризонтален начин.

Во 2008 г. нашата правна основа беше консолидирана со Одлука на Советот 976/ПВР за ЕПМ. Сега имаме повеќе од 400 контактни точки во целата ЕУ како и во земјите кандидати и трети земји!

## Секретаријатот на ЕПМ

Секретаријатот е нашето управно тело кое ги обезбедува функционирањето и континуитетот на ЕПМ. Главни надлежности на Секретаријатот се:

- им помага на контактните точки во исполнување на нивните задачи;
- ја формира, одржува и подобрува интернет страната на ЕПМ и оперативните е-алатки на неа;
- ги информира контактните точки и учесниците во врска со активностите на ЕПМ и правосудната соработка; и
- обезбедува застапување и воспоставување на врски со другите правосудни мрежи и структури во областа на правосудната соработка во ЕУ и надвор од неа.

## Контактирајте нè:

EJN Secretariat

Maanweg 174
2516 AB, The Hague
The Netherlands
Тел.: +31 (0) 70412 5579
Факс: +31 (0) 70412 5570
Е-маил: ejn@eurojust.europa.eu
http://www.ejn-crimjust.europa.eu

# ЕВРОПСКА ПРАВОСУДНА МРЕЖА

Leaflet_MK_qm.indd 1 11/23/2012 4:09:55 PM

# Која е нашата цел?

Нашата цел е да создадеме поефективна правосудна соработка, особено во борбата против тешкиот криминал, и тоа:

- дејствувајќи како активен посредник за да ја олесниме правосудната соработка;
- обезбедувајќи правни и практични информации до надлежните локални власти, информирајќи ги и преку нашата интернет страна;
- пружајќи помош за барањата за правосудна соработка;
- креирајќи правосудна култура на Европската Унија; и
- соработувајќи со други правосудни мрежи, трети земји и партнери во правосудството.

## Кои сме ние?

ЕПМ е составена од контактни точки, односно претставува заедница од судии, обвинители и претставници од министерствата за правда, кои со нивните силни заложби своето искуство го ставаат во полза на европската правосудна соработка во областа на кривичното право.

**ЕПМ е 100% оперативна!**

# Како работиме?

За да оствариме ефективна соработка:

- ја унапредуваме правосудната соработка помеѓу локалните власти;
- им доставуваме на правосудните власти правни и практични информации во врска со правосудната соработка;
- ја помагаме организацијата на обуки за правосудна соработка;
- националните кореспонденти во земјите членки се одговорни за внатрешното функционирање на мрежата; и
- одговорните кореспонденти за алатки ги обезбедуваат и ажурираат информациите во е-алатките во врска со нивната земја членка.

## Како ја градиме заедничката доверба?

Неколку пати годишно одржуваме средби за да стекнеме знаења за различните правни системи во ЕУ, размениме искуства за правосудната соработка и да се запознаеме меѓусебно!






## Како можеме да ви помогнеме?

- Ќе воспоставиме директен контакт со надлежните локални власти во друга земја членка до која сакате да пратите барање за правосудна соработка, нпр. европски налог за апсење или барање за взаемна правна помош;
- ви доставуваме правни и практични информации за правосудната соработка во други земји членки;
- ви ставаме на располагање безбедна телекомуникациска врска;
- посредуваме во процесот на изнаоѓање решение кога доаѓа до потешкотии или застој во спроведување на барањата за правосудна соработка; и
- со советодавна помош за правилниот приод во соработката помеѓу надлежните власти во земјите членки при сложени кривични дела.

**http://www.ejn-crimjust.europa.eu**

Leaflet_MK_qm.indd 2 11/23/2012 4:09:57 PM